Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Трговско друштво за промет и услуги
АСКОМ ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 01-0302/45
03.12. 2024 год.
Скопје

Архивски број: 03-12213/1
Датум: 02-12-2024

ДОГОВОР
за јавна набавка на стоки - компјутерски потрошен материјал
(ДЕЛ 1- Тонери)

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, со седиште на ул. „Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии во натамошниот текст: договорен орган и

2. Трговско друштво за промет и услуги АСКОМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, со седиште на бул. „АВНОЈ" бр.70/52 Скопје, претставувано од Горан Алексовски, управител во натамошниот текст: носител на набавката.

I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е набавка и испорака на тонери за потребите на Министерството за финансии за период од 1 (една) година, по спроведената поедноставена отворена постапка за јавна набавка на компјутерски потрошен материјал по оглас 14446/2024.

Член 2

Набавката и испораката на тонерите што се предмет на овој договор ќе се врши во се според понудата на носителот на набавката - Листата на тонери за потребите на Министерството за финансии, која е дадена како Прилог 1 на овој договор и е негов составен дел.

II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Вкупната вредност на договорот е 2.982.620,00 денари, без пресметан данок на додадена вредност.

Данокот на додадена вредност изнесува 536.871,60 денари.

Вкупната вредност на договорот со пресметан ДДВ изнесува 3.519.491,60 денари.

Договорниот орган не е обврзан да го реализира целиот износ од став 1 на овој член.

Единечните цени дадени во Листата на тонери - Прилог 1 на овој договор, се фиксни и непроменливи за целото времетраење на договорот и ги опфаќаат сите трошоци што ги има носителот на набавката до испораката од магацинот на локацијата посочена од договорниот орган.

При фактурирањето за испорачаните тонери носителот на набавката ќе пресметува данок на додадена вредност според пропишаната стапка.

## III. ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ.

### Член 4

Договорот се склучува за времетрање од 1 (една) година сметано од денот на потпишувањето од двете договорни страни или до негово вредносно исполнување во зависност од тоа што прво ќе настане.

## IV. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 5

Носителот на набавката е должен заедно со потпишаниот договор да достави и банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде во висина од 10% од вкупната вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност и да е со важност до целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма или во електронска форма доколку е издадена како таква од банката во изворно оригинална форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде издадена од банка.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот се доставува во определениот рок и тоа: по пошта или лично на лицето за контакт.

Со гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот носителот на набавката гарантира дека предметот на договорот ќе го изврши на начин и според динамиката предвидени во тендерската документација, односно техничката спецификација, доставената понуда и склучениот договор со договорниот орган.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од

договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на економскиот оператор или лично во седиштето на договорниот орган.

Договорниот орган ќе ја наплати гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот и доколку дојде до негово еднострано раскинување поради неизвршување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката.

Договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот од банката која ја има издадено доколку носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) не можел да ја изврши набавката што е предмет на овој договор, во кој случај носителот на набавката треба да достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршување или ненавремено извршување на набавката, а кое треба да биде писмено прифатено од договорниот орган.

## V. ДИНАМИКА, РОК И НАЧИН НА ИСПОРАКА

### Член 6

Носителот на набавката се обврзува во секое време да има на залиха 5% од максималната количина за секој артикл од Листата на тонери за потребите на Министерството за финансии за период од 1 (една) година.

Испораката на тонерите ќе се врши сукцесивно според периодичните потреби на договорниот орган по претходно доставени нарачки до носителот на набавката во кои ќе бидат содржани видот и количината на тонерите, единечна мерка, местото на испорака и рок на испорака.

Порачката од став 2 на овој член треба да има потпис од овластен потписник, архивски број и печат.

Испораката на тонерите ќе се врши во седиштето на Министерството за финансии во Скопје во 5 (пет) подрачни одделенија на Управата за имотно-правни работи, со седиште во Скопје (Гази Баба, Карпош, Кисела Вода, Центар и Чаир) во 29 подрачни одделенија на Управата за имотно-правни работи во други градови во државата и тоа: Берово, Битола, Велес, Виница, Валандово, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Демир Хисар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Кратово, Крушево, Крива Паланка, Куманово, Неготино, Охрид,Македонски Брод, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Свети Николе, Струга, Струмица, Тетово и Штип и во 17 (седумнаесет) Трезорски канцеларии на Министерството за финансии со седиште во Скопје, Битола,

Велес, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Кавадарци, Кичево, Кочани, Куманово, Охрид, Прилеп, Струга, Струмица, Тетово и Штип.

Испораката на порачаните тонери во подрачните одделенија на Управата за имотно-правни работи и Трезорските канцеларии ќе се врши сукцесивно по доставени порачки од страна на договорниот орган до носителот на набавката. Порачките за испорака на тонери за Подрачните одделенија на Управата за имотно-правни работи и Трезорските канцеларии на Министерството за финансии, по правило, ќе се доставуваат на секои два месеца.

Носителот на набавката се обврзува нарачаните тонери да ги испорачува во рок до 3 (три) работни денови за локациите во Скопје и до 7 (седум) работни денови за локациите во другите градови.

Член 7

Порачката за тонерите треба да содржи: содржани видот и количината на тонерите, единечна мерка, местото на испорака и рок на испорака.

Секоја испорака на тонери од страна на носителот на набавката која нема да биде во согласност со издадената нарачка или ќе биде извршена без нарачка од договорниот орган ќе се смета за неважечка, а трошоците нема да се признаат, односно ќе паднат на товар на носителот на набавката.

Договорниот орган нема обврска да ги порача тонерите во вкупните (максималните) количини наведени во Прилог 1 кон договорот.

Член 8

Носителот на набавката е должен при испораката на тонерите да издава испратница, пополнета во три примероци, која мора да ги содржи истите податоци како во нарачката добиена од договорниот орган.

Тонерите што ќе се испорачуваат треба да се предаваат на лица определени за следење на реализацијата на договорот во Министерството за финансии и во неговите трезорски канцеларии и во подрачните одделенија на Управата за имотно-правни работи.

Испратницата со полно име и презиме ја потпишуваат лицата определени за следење на реализацијата на договорот во Министерството за финансии и во неговите трезорски канцеларии и во подрачните одделенија на Управата за имотно правни работи и лицето што ги испорачува тонерите во име на носителот на набавката.

По еден примерок од испратницата се предава на лицата определени за следење на реализацијата на договорот кај договорниот орган, еден примерок задржува носителот на набавката за сопствени потреби и еден примерок заедно со фактурата се доставува до Министерството за финансии.

## VI. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 9

Договорниот орган ќе го врши плаќањето по секоја испорака на тонерите извршена врз основа на писмена нарачка, во рок од 30 календарски денови сметано од денот на приемот на фактурата кон која се приложени уредно потпишани испратници.

За сите извршени испораки според една нарачка од договорниот орган, носителот на набавката доставува една фактура на име на Министерство за финансии.

Доколку доставената фактура не ги содржи бараните податоци или кон неа не се приложени уредно пополнети и потпишани испратници нема да се реализира и ќе биде вратена на докомплетирање или дооформување.

Во фактурата задолжително треба да се наведе архивскиот број и датум на нарачката од договорниот орган врз основа на која е извршена испораката.

Фактурирањето се врши според единечните цени од Прилог 1 кон договорот.

## VII.ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 10

Обврски на носителот на набавката се:

- тонерите да ги испорачува во рокот утврден во член 6 од овој договор;
- тонерите што ќе ги испорачува да бидат согласно со квалитетот, стандардите и другите податоци наведени во понудата - Прилог 1 кон овој договор;
- тонерите што ќе ги испорачува да бидат од истиот тип, да ги има истите технички карактеристики и да биде од производителите што ги посочил носителот на набавката во понудата.

Тонерите наведени во листата точка 1 до точка 27 треба да бидат оригинални или компатибилни (нерепарирани, фабрички полнети, исклучиво прво полнење), додека тонерите наведени во листата од точка 28 до точка 38 треба да бидат оригинални.

Доколку се утврди дека при испорака на тонерите се доставуваат репарирани или повторно полнети тонери (рефили) или истите се отворени, договорот ќе биде раскинат.

## VIII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 11

Договорниот орган се обврзува редовно да ги плаќа уредно доставените фактури по секоја извршена нарачка според рокот утврден во член 9 од овој договор.

Договорниот орган се обврзува дека по потпишување на договорот ќе му достави на носителот на набавката адресар на Подрачните одделенија и Трезорските канцеларии со лица за контакт.

Договорниот орган ќе врши контрола на артиклите што се испорачуваат во однос на соодветноста, квалитетот, производителот, типот и други податоци утврдени во Прилог 1 на овој договор.

Договорниот орган може при самата испорака да не прими одделни артикли ако утврди дека тие не се во согласност со ставот 3 од овој член.

Договорниот орган ќе го врати секој тонер за кој при подоцнежната контрола или при нивната употреба ќе констатира дека не соодветствува на понудениот квалитет.

## IX. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ ИЛИ ПРЕКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 12

Овој договор може да се раскине во согласност на двете договорни страни.

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување на одредбите на договорот, а согласно со овој договор или закон.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување кон договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплата на банкарската гаранција, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

### Член 13

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата од договорната страна која не ги исполнила своите обврски од договорот.

### Член 14

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен, дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во рокот утврден со овој договор или не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може еднострано да го раскине договорот.

## X. ВИША СИЛА

Член 15

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна кон другата страна за губитокот, повредата или неизвршувањето на одредбите на овој договор кои се предизвикани од виша сила дефинирана со закон.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови од поголеми размери и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради настанување на виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XI.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 16

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорени страни во согласност со Законот за јавните набавки.

Член 17

За сé што не е предвидено со овој договор се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

Член 18

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

Член 19

Обработката на личните податоци при реализацијата на овој договор ќе биде во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Член 20

Овој договор е склучен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) примерока за секоја договорна страна.

Договорен орган:
Република Северна Македонија
Министерство за финансии
Скопје

Носител на набавката:
Трговско друштво за промет и услуги
АСКОМ ДООЕЛ експорт-импорт
Скопје

м-р Гордана Димитриеска-Кочоска
Министер за финансии

Горан Алексовски
Управител

Изработил: Панче Чоневски
Контролирал: Даниела Јанкова
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: м-р Маја Стаменковска Угриновска
Михајло Михајловски
Проверил: Андреј Ангеловски
Владимир Стојанов
Согласен: Андриана Матлиоска

Прилог 1 -Листа на тонери за потребите на Министерството за финансии за период од 1 година

| РБ | ВИД НА АРТИКАЛ | БРОЈ НА КОПИИ | понуден part number п/н | НАЗИВ НА ПРОИЗВОДИТЕЛОТ | ЗЕМЈА НА ПОТЕКЛО | ЕДИНЕЧНА МЕРА | МАКСИМАЛНА КОЛИЧИНА | ЕДИНЕЧНА ЦЕНА БЕЗ ДДВ | ВКУПЕН ИЗНОС БЕЗ ДДВ (8X9) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 1 | оригинални или компатибилни тонери за принтер LEXMARK MS310dn црна боја или еквивалент Toner | 5,000 | 50F2H00 | Dragon | Кина | ПАРЧЕ | 250 | 2,330.00 | 582,500.00 |
| 2 | оригинални или компатибилни фотокондуктери за принтер LEXMARK MS310ND или еквивалент | 60,000 | 50F0Z00 | Dragon | Кина | ПАРЧЕ | 80 | 2,600.00 | 208,000.00 |
| 3 | оригинални или компатибилни тонери за принтер LEXMARK x340 или еквивалент црна боја | 6,000 | X340H11G | Dragon | Кина | ПАРЧЕ | 3 | 900.00 | 2,700.00 |
| 4 | оригинални или компатибилни тонери за принтер LEXMARK T652dn или еквивалент Toner црна боја | 25,000 | T650H11E | Economic Line | Slovenia | ПАРЧЕ | 100 | 3,500.00 | 350,000.00 |
| 5 | оригинални или компатибилни тонери за принтер LEXMARK C746dn или еквивалент Toner, боја Black | 12,000 | C746H3KG | Economic Line | Slovenia | ПАРЧЕ | 20 | 3,200.00 | 64,000.00 |
| 6 | оригинални или компатибилни тонери за принтер LEXMARK C746dn или еквивалент Toner , боја Cyan | 7,000 | C746A3CG | Economic Line | Slovenia | ПАРЧЕ | 10 | 3,200.00 | 32,000.00 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | оригинални или компатибилни тонери за принтер LEXMARK C746dn или еквивалент Toner, боја Magenta | 7,000 | C746A3MG | Economic Line | Slovenia | ПАРЧЕ | 10 | 3,200.00 | 32,000.00 |
| 8 | оригинални или компатибилни тонери за принтер LEXMARK C746dn или еквивалент Toner, боја Yellow | 7,000 | C746A3YG | Economic Line | Slovenia | ПАРЧЕ | 10 | 3,200.00 | 32,000.00 |
| 9 | оригинални или компатибилни фотокондуктери за принтер LEXMARK C746dn или еквивалент | 20,000 | C734X20G | Lexmark | Кина | ПАРЧЕ | 20 | 2,500.00 | 50,000.00 |
| 10 | оригинални или компатибилни тонери за принтер LEXMARK MS415dn или еквивалент Toner црна боја | 10,000 | 50F2X00 | Dragon | Кина | ПАРЧЕ | 60 | 2,430.00 | 145,800.00 |
| 11 | оригинални или компатибилни тонери за принтер LEXMARK MS417dn или еквивалент Toner црна боја | 8,500 | 51B2H00 | Dragon | Кина | ПАРЧЕ | 60 | 2,430.00 | 145,800.00 |
| 12 | оригинални или компатибилни тонери за принтер LEXMARK T640 или еквивалент Toner црна боја | 21,000 | 64016HE | Dragon | Кина | ПАРЧЕ | 6 | 1,800.00 | 10,800.00 |
| 13 | оригинални или компатибилни тонери за принтер LEXMARK X656DE MFC или еквивалент Toner црна боја | 25,000 | X651H11E | Dragon | Кина | ПАРЧЕ | 5 | 2,000.00 | 10,000.00 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 14 | оригинални или компатибилни тонери за принтер LEXMARK E250DN или еквивалент Toner црна боја | 3,500 | E250A11E | Dragon | Кина | ПАРЧЕ | 9 | 560.00 | 5,040.00 |
| 15 | оригинални или компатибилни тонери за принтер LEXMARK E360DN или еквивалент Toner црна боја | 9,000 | E360H11E | Dragon | Кина | ПАРЧЕ | 3 | 560.00 | 1,680.00 |
| 16 | оригинални или компатибилни тонери за принтер HP LaserJet P2055d црна боја или еквивален Toner | 6,500 | CE505X | Dragon | Кина | ПАРЧЕ | 70 | 1,890.00 | 132,300.00 |
| 17 | оригинални или копатибилни тонери за принтер HP LaserJet 1022 или еквивален Toner црна боја | 2,000 | Q2612A | Dragon | Кина | ПАРЧЕ | 20 | 900.00 | 18,000.00 |
| 18 | оригинални или копатибилни тонери за принтер Xerox Workcenter 7328 или еквивалент Toner, боја Black | 26,000 | 006R01175 | Economic Line | Slovenia | ПАРЧЕ | 8 | 1,200.00 | 9,600.00 |
| 19 | оригинални или копатибилни тонери за принтер Xerox Workcenter 7328 или еквивалент Toner, боја Cyan | 16,000 | 006R01176 | Economic Line | Slovenia | ПАРЧЕ | 4 | 1,200.00 | 4,800.00 |
| 20 | оригинални или копатибилни тонери за принтер Xerox Workcenter 7328 или еквивалент Toner, боја Magenta | 16,000 | 006R01177 | Economic Line | Slovenia | ПАРЧЕ | 4 | 1,200.00 | 4,800.00 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 21 | оригинални или копатибилни тонери за принтер Xerox Workcenter 7328 или еквивалент Toner, боја Yellow | 16,000 | 006R01178 | Economic Line | Slovenia | ПАРЧЕ | 4 | 1,200.00 | 4,800.00 |
| 22 | оригинални или компатибилни фотокондуктери за принтер Xerox Workcenter 7328 или еквивалент, боја Black,Cyan,Magenta,Yellow | 38,000 | 013R00624 | Economic Line | Slovenia | ПАРЧЕ | 8 | 2,000.00 | 16,000.00 |
| 23 | оригинални или компатибилни тонери за принтер Canon IR 2200 или еквивален Toner | 15,000 | C-EXV3 | Dragon | Кина | ПАРЧЕ | 30 | 1,200.00 | 36,000.00 |
| 24 | оригинални или компатибилни фотокондуктери за принтер Canon IR 2200 или еквивалент | 55,000 | 6648A004AA | Dragon | Кина | ПАРЧЕ | 8 | 3,000.00 | 24,000.00 |
| 25 | оригинални или компатибилни тонери за принтер HP LaserJet 2420 или еквивалент Toner | 12,000 | Q6511X | Dragon | Кина | ПАРЧЕ | 30 | 400.00 | 12,000.00 |
| 26 | оригинални или компатибилни тонери за принтер Xerox B230 | 6,000 | 006R04404 | Economic Line | Slovenia | ПАРЧЕ | 20 | 6,000.00 | 120,000.00 |
| 27 | оригинални или компатибилни Drum Unit за принтер Xerox B230 | 12,000 | 013R00691 | Economic Line | Slovenia | ПАРЧЕ | 10 | 1,500.00 | 15,000.00 |
| 28 | оригинални тонери за принтер A3 формати црно-бел Xerox Б8155 | 59,000 | 006R01772 | XEROX | Кина | ПАРЧЕ | 10 | 5,500.00 | 55,000.00 |
| 29 | оригинални Drum Unit за принтер A3 формати црно-бел Xerox Б8155 | 59,001 | 013R00686 | XEROX | Кина | ПАРЧЕ | 5 | 13,000.00 | 65,000.00 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30 | оригинални тонери за принтер А3 формати во боја Xerox C8155 боја Black | 59,000 | 006R01758 | XEROX | Кина | ПАРЧЕ | 4 | 8,000.00 | 32,000.00 |
| 31 | оригинални тонери за принтер А3 формати во боја Xerox C8155 боја Cyan | 59,000 | 006R01759 | XEROX | Кина | ПАРЧЕ | 4 | 12,000.00 | 48,000.00 |
| 32 | оригинални тонери за принтер А3 формати во боја Xerox C8155 боја Magenta | 59,000 | 006R01760 | XEROX | Кина | ПАРЧЕ | 4 | 12,000.00 | 48,000.00 |
| 33 | оригинални тонери за принтер А3 формати во боја Xerox C8155 боја Yellow | 59,000 | 006R01761 | XEROX | Кина | ПАРЧЕ | 4 | 12,000.00 | 48,000.00 |
| 34 | оригинални Drum Unit за принтер А3 формати колор Xerox C8155 | 180,000 | 013R00681 | XEROX | Кина | ПАРЧЕ | 4 | 18,000.00 | 72,000.00 |
| 35 | оригинални тонери за принтер Epson WF-M5399DW | 10,000 | C13T12E140 | EPSON | Кина | ПАРЧЕ | 20 | 13,000.00 | 260,000.00 |
| 36 | оригинални Maintenance Box за принтер Epson WF-M5399DW | 50,000 | C12C938211 | EPSON | Кина | ПАРЧЕ | 5 | 2,500.00 | 12,500.00 |
| 37 | оригинални тонери за принтер Epson WF-M5899DWF | 10,000 | C13T12E140 | EPSON | Кина | ПАРЧЕ | 20 | 13,000.00 | 260,000.00 |
| 38 | оригинални Maintenance Box за принтер Epson WF-M5899DWF | 50,000 | C12C938211 | EPSON | Кина | ПАРЧЕ | 5 | 2,500.00 | 12,500.00 |
| | | | | | | | | ВКУПНО БЕЗ ДДВ: | 2,982,620.00 |

НАПОМЕНА:

| |
|---|
| Бараните стоки - тонерите за печатарите од реден број 1 до реден број 27, треба да бидат оригинални или компатибилни (нерепарирани, фабрички полнети,исклучиво прво полнење) или еквивалентни, додека пак стоките од реден број 28 до реден број 38 треба да бидат оригинални бидејќи печатарите се сеуште под гарантен рок . Понудите кои што ќе содржат remanufactured - тонери кои што се репарирани или повторно полнети (рефили) ќе бидат отфрлени.Задолжително доставување на мостри за бараните ставки.Мострите треба да ги задоволуваат барањата од техничката спецификација. |
| Доколку во "Прилог-Листата на тонери за потребите на Министерството за финансии за период од 1 година " колоните, понуден part number п/н (4), Назив на производителот (5), Земја на потекло (6), Единечна цена без ДДВ (9) и Вкупен износ без ДДВ (10) има непополнето поле ПОНУДАТА ЌЕ БИДЕ ОТФРЛЕНА КАКО НЕКОМПЛЕТНА. |

***Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.***

Goran Alekso vski

Digitally signed by Goran Aleksovski
DN: c=MK, o=ASKOM DOOEL , 2.5.4.97=VATMK-4030994257960, ou=ASKOM DOOEL :4030994257960, givenName=Goran, sn=Aleksovski, serialNumber=CRT3719575, cn=Goran Aleksovski
Date: 2024.09.25 05:00:15 +02'00'